РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: Адвокатка** [redacted]

**Бр.** 03-4

**Скопје** 29.03.**2021г.**

**Предмет: Одговор на Претставка во врска со право на одговор и исправка**


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**


Почитувана,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги внимателно ја разгледа Претставката (наш бр. 03-4 од 23.03.2021 година) која беше испратена од Вашата Адвокатска канцеларија во улога на полномошник на [redacted] застапувано од управителот [redacted] во врска со тоа дека ТВ Алсат - М не го објавила нивниот одговор и исправка (демант) на информации емитувани на 12, 13 и 15 март 2021 година.

Ве известуваме дека Агенцијата нема надлежност да го следи спроведувањето на одредбите за правото на одговор и исправка од Законот за медиуми (членови 17 до 28), односно, во член 29 е прецизирано дека може да врши само административен надзор над неколку члена, од кои ниту еден не се однесува на правото на одговор и исправка.

Сепак, Агенцијата, преку увид во програмата на ТВ Алсат-М, утврди дека прилог со наслов „Пријава за мито при добивање дозвола" е емитуван во Вестите во 16 и 19 часот (на албански јазик), како и во 23 часот (на македонски јазик) на 12 март 2021 година; на 13 март во истите термини на Вестите емитуван е уште еден прилог – „Нови случаи на мито за возачките дозволи"; а на 15 март е емитуван друг прилог насловен „Сомневања, злоупотреби со возачките дозволи". Ниту едно од двете барања од [redacted] за објавување демант не е емитувано на начинот којшто е во согласност со Законот за медиуми. Во прилогот од 15 март 2021 година е искористен мал дел од првото Барање.

Агенцијата, до ТВ Алсат-М испрати допис во кој ја потсети Телевизијата дека правото на одговор и исправка е гарантирано со член 16 од Уставот на РС Македонија и е регулирано со Законот за медиуми. Дописот Ви го испраќаме во прилог.

Ве потсетуваме дека за непочитување на ова право, согласно член 23 став 1 од Законот за медиуми „заинтересираното лице има право да покрене тужба против одговорниот уредник пред надлежниот суд во рок од 30 дена од истекот на рокот за објавување на исправката, односно од денот кога исправката не била објавена или била објавена на начин кој не е во согласност со овој закон".

Со оглед на тоа дека во Претставката се наведува оти се смета дека информациите објавени на ТВ Алсат-М се „клеветнички информации", Ве потсетуваме и дека претставниците

имаат право да поднесат тужба согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

Исто така, доколку имаат забелешки околу тоа дали ТВ Алсат-М во овој случај ги почитувала професионалните новинарски стандарди од Кодексот на новинарите на Македонија, тие можат да поднесат претставка до Комисијата за жалби на саморегулаторното тело Совет за етика во медиумите на Македонија.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**по овластување од директорот**

**---------------------------------------------------**
**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**